**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Игор Антевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2**
**тел. 02/2050-206,**
**izvrsitelantevski@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 2174/2022**

Извршителот Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот- ремитент Стопанска Банка АД - Скопје од Скопје со ЕДБ 4030996116744 и ЕМБС 4065549 и седиште на ул. ,,11 Октомври“ бр. 7, засновано на извршната исправа Нотарски акт ОДУ бр.672/2020 од 05.05.2020 година на Нотар Зафир Хаџи Зафиров, против солидарни должници: должник- трасант/ акцептант Друштво за производство, трговија и услуги ФОРЦА ШПЕД ДООЕЛ Скопје од Скопје со ЕДБ 4030007621842 и ЕМБС 6187188 и седиште на бул.Партизански Одреди бр.104,Скопје, Карпош, и должник – авалист Игор Трајковски од Скопје со живеалиште на ул. Салвадоре Аљенде бр.17, за спроведување на извршување, на ден 23.04.2024 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижностите означени како градежно неизградено земјиште и пасишта, запишани во имотен лист бр.100861 за КО Маврово при АКН на РСМ – ОКН Гостивар со следните ознаки:
- КП бр.1874 дел 18, викано место/ улица СЕЛО, катастарска култура гз/гнз, катастарска класа 3, со површина од 146 м2;
- КП бр.1874 дел 2, викано место/ улица СЕЛО, катастарска култура гз/гнз, со површина од 222 м2;
- КП бр.1874 дел 22, викано место/ улица СЕЛО, катастарска култура зз/пс, катастарска класа 3, со површина од 81 м2;
- КП бр.1874 дел 25, викано место/ улица СЕЛО, катастарска култура гз/гнз, со површина од 128 м2;
- КП бр.1874 дел 26, викано место/ улица СЕЛО, катастарска култура гз/гнз, со површина од 127 м2;
- КП бр.1874 дел 32, викано место/ улица СЕЛО, катастарска култура гз/гнз, катастарска класа 3, со површина од 25 м2;

кои се во сопственост на должник – авалист Игор Трајковски од Скопје,
со вкупна утврдена вредност во износ од 4.308.997,00 денари.
Недвижностите се продаваат заедно како една целина.

Почетната вредност на недвижностите, утврдена со заклучок на извршителот од 29.01.2024 година, изнесува вкупно **4.308.997,00 денари**, под која недвижностите не можат да се продадат на првото јавно наддавање.

Продажбата ќе се одржи на ден **22.05.2024 година во 12:00 часот** во просториите на Извршител Игор Антевски на адреса **ул. 8-ма Ударна Бригада бр. 20-А-1/2**.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености Налог за извршување врз недвижност по чл.166 од ЗИ И.бр.2174/2022 од Извршител Игор Антевски од Скопје, Налог за извршување кај пристапување по чл.169 од ЗИ И.бр.2176/2022 од Извршител Игор Антевски од Скопје за и Налог за извршување кај пристапување по чл.169 од ЗИ И.бр.3484/22 од извршител Снежана Андреевска од Скопје.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на трансакциска сметка бр.250010402320172 која се води на име на Извршител Игор Антевски од Скопје во Шпаркасе Банка АД Скопје, даночен број 5080021510736, најдоцна до 21.05.2024 година.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Данокот на промет на недвижности и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

Д.-на:
- доверител – ремитент Стопанска Банка АД Скопје
- должник – авалист Игор Трајковски
- Општина Маврово
- Извршител Снежана Андреевска од Скопје

И З В Р Ш И Т Е Л
Игор Антевски

X ______________________________

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.